NATO
OTAN

# ЗДРУЖЕНО ЗА БЕЗБЕДНОСТ
## Вовед во НАТО





ЗДРУЖЕНО ЗА БЕЗБЕДНОСТ
Вовед во НАТО


P04 | Вовед
P06 | Одговор на промената
P14 | Главен фактор во услови на криза
P22 | Ширење на партнерства
P28 | Примена на политиката на отворена врата
P30 | Нови капацитети за нови закани
P32 | Динамиката на организацијата
P35 | Кон иднината

# Северноатлантскиот сојуз

Во текот на своето постоење подолго од половина век, како Алијансата така и светот воопшто се развија на начин кој основачите на НАТО не можеа да го предвидат.

Бидејќи стратешкото опкружување продолжува да се развива, темпото со кое се трансформира НАТО се забрзува. НАТО се осврнува на поширок спектар безбедносни предизвици споредено со минатото и мора да го заштити своето население како на домашен терен така и надвор. Заканите од типот на ширењето на оружјето за масовно уништување и тероризмот не знаат за граници, што значи дека НАТО мора да е подготвен да распореди и одржува сили на голема далечина, како во Авганистан. Истовремено ги развива потребните мерки и капацитети за да може да одговори на овие нови потреби и придонесува кон меѓународните напори за справување со овие предизвици.

Иако природата на заканите со кои се соочуваат земјите-членки и начинот на кој НАТО се справува со нив се менуваат, основните начела на соработка во рамките на Алијансата се придржуваат на принципите на Вашингтонскиот договор. Принципот на колективна одбрана е суштината на основачкиот договор. Тој и натаму останува единствениот и важечки принцип кој ги обединува членките, задолжувајќи ги да се штитат меѓусебно.

НАТО обезбедува политичко-воена рамка за менаџирање на безбедносните предизвици што ги поврзува европските и северноамериканските интереси и е насочена кон градење безбедност заснована на разбирање и соработка во корист на идните генерации.

Забелешките во оваа публикација за Поранешната Југословенска Република Македонија се означени со ѕвездичка (*) која се однесува на следнава фуснота: „Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.“



# Одговор на промената

1949
Потпишување на Вашингтонскиот договор, 4 април

1961
Изградба на Берлинскиот ѕид

## Потеклото на Алијансата

Во 1949 година, кога идеолошките судири меѓу Истокот и Западот земаа замав, 12 земји од двете страни на Атлантикот ја формираа Организацијата на Северноатлантскиот договор. Водечката цел беше да се креира пакт за заемна помош во спротивставувањето на ризикот од обидот на Советскиот Сојуз да ја прошири својата контрола над Источна Европа на други делови на континентот.



Истовремено, Европа сѐ уште закрепнуваше од уништувањата што се случија за време на Втората светска војна. Меѓутоа, меѓу 1947 и 1952 година, Маршаловиот план финансиран од САД ги обезбеди средствата за стабилизација на стопанствата во Западна Европа. НАТО ја надополни оваа улога со тоа што помогна во одржувањето безбедна средина за развој на демократијата и економскиот пораст. Како што кажа тогашниот американски претседател, Хари С. Труман, Маршаловиот план и НАТО се „две половини од ист орев“.

“ Преку Алијансата, Западна Европа и Северна Америка постигнаа неспоредливо ниво на стабилност ”

До почетокот на педесеттите години од 20 век, развојот на настаните на меѓународно ниво, што кулминираше со избувнување на Корејската војна, се чинеше дека ги потврдува стравовите на Западот од експанзионистичките амбиции на Советскиот Сојуз. Последователно земјите-членки на НАТО ги зголемија своите напори за развој на воени и цивилни структури потребни за нивната заложба за заедничка одбрана. Присуството на северноамериканските сили на европско тло на барање на европските влади помогна да се обесхрабри агресијата на Советскиот Сојуз. Исто така, како минуваше времето, сѐ повеќе земји стануваа сојузници.

Преку Алијансата, Западна Европа и Северна Америка постигнаа ниво на стабилност што беше без преседан, поставувајќи ги основите за европската економска соработка и интеграција. На почетокот на деведесеттите години, по крајот на Студената војна, Алијансата активно придонесе во надминувањето на старата поделба на Европа меѓу Исток и Запад со тоа што им пружи рака на поранешните непријатели и продолжи со пристап на соработка во областа на безбедноста.



1989
Падот на Берлинскиот ѕид

# Крај на Студената војна

За време на Студената војна, улогата и намерата на НАТО беа јасно дефинирани со постоењето на заканата што доаѓаше од Советскиот Сојуз.
До почетокот на деведесеттите години од минатиот век Варшавскиот пакт се распадна, а Советскиот Сојуз се растури. Со исчезнувањето на неговите традиционални непријатели, некои од коментаторите веруваа дека потребата од НАТО исто така исчезна и дека идните трошоци за одбраната и инвестициите во оружените сили можат значително да се намалат.

Многу сојузници од НАТО започнаа да ги намалуваат своите буџети за одбраната, некои од нив дури и за 25 проценти. Меѓутоа, наскоро стана јасно дека, иако со крајот на Студената војна исчезна заканата од воена инвазија, нестабилноста во некои делови од Европа порасна. Повеќе регионални конфликти, честопати разгорени од етнички тензии, избувнаа во поранешна Југославија и во делови од поранешниот Советски Сојуз и се закануваа да се прошират.

> “ да се сочува мирот и стабилноста во Европа и да се спречи ескалација на регионалните тензии ”

Сега беа потребни нови форми на политичка и воена соработка за да се сочува мирот и стабилноста во Европа и да се спречи ескалација на регионалните тензии. Навистина, НАТО воспостави институционализирани односи со поранешните непријатели креирајќи нови механизми за соработка. Исто така, помина низ големи внатрешни реформи за да се усвојат структури и капацитети за да се подготват членките за нови задачи, како што се управување со кризи, операции за чување и поддршка на мирот, покрај осигурувањето на нивната континуирана способност да ги исполнат своите основни одбранбени улоги. Како одговор на овие безбедносни предизвици, НАТО не само што остана цврсто поврзан сојуз одговорен за колективната одбрана, туку стана и фокус за партнерство на културно разновидни земји кои блиску соработуваа на поширокото поле на безбедност.





© MOD UK

1995

НАТО се впушти во својата прва операција на управување со криза

# 9/11

Во 2001 година се случија терористички напади од големи размери во Њујорк и Вашингтон ДЦ

НАТО се повика на членот 5 за прв пат во својата историја

## 11 септември

Стратегискиот концепт усвоен на Вашингтонскиот самит во 1999 година ги опиша идните закани како „повеќенасочни и честопати тешки за предвидување" и посвети посебно внимание на заканата што доаѓа од ширењето на оружјето за масовно уништување и средствата за нивна примена. Воедно, стави на знаење дека безбедносните интереси на Алијансата можат да бидат погодени и од други ризици од поширока природа, како што се терористички акти, саботажи и организиран криминал како и прекин во протокот на витални ресурси.

Настаните наскоро покажаа колку видовити биле сојузниците. На 11 септември 2001 година терористите употребија патнички авиони како оружје за масовно уништување против цели во САД. Шокирачката бруталност на нападите и средствата што се користеа за да се постигнат, ја покажаа ранливоста на отворените и демократски општества на новата форма на асиметрично војување. Следниот ден во чин на солидарност сојузниците се повикаа на членот 5 од Вашингтонскиот договор, одредбата за колективна одбрана на НАТО, и со тоа потврдија дека нападот врз една членка или неколку од нив значи напад врз сите нив.

## Член 5

Страните се договорија дека оружен напад врз една или повеќе од нив во Европа или Северна Америка ќе се смета за напад врз сите нив и последователно се согласија дека, доколку дојде до таков оружен напад, секоја од нив, во примената на правото на поединечна или колективна самоодбрана признато во член 51 од Повелбата на Обединетите нации, ќе и помогне на страната или страните кои се нападнати со тоа што веднаш, поединечно или во договор со другите страни ќе преземат такви активности за кои сметаат дека се неопходни, вклучително и употреба на оружените сили, за обнова и одржување на безбедноста на северноатлантската област.

Секој таков оружен напад и сите мерки што се преземаат како резултат на тоа веднаш ќе бидат пријавени кај Советот за безбедност. Таквите мерки ќе бидат прекинати кога Советот за безбедност ќе преземе активности потребни за обнова и одржување на меѓународниот мир и безбедност.

Алијансата последователно усвои мерки за поддршка на САД. Таа работеше брзо и на почетокот на октомври распореди бродови во источниот дел на Средоземното Море за проверка на бродови осомничени за терористички активности. Оваа операција денес продолжува како Операција „Активен напор", и таа сега го покрива целото Средоземно Море. Исто така, меѓу усвоените мерки, поединечни сојузници распоредија сили во Авганистан за поддршка на операцијата под водство на САД против Ал Каеда – терористичката група одговорна за нападите од 11 септември – и талибанот – режимот кој му обезбедуваше засолниште. Од август 2003 година Алијансата раководи со мировната мисија што следеше - Меѓународни безбедносни сили за помош (ИСАФ).

По нападите од 11 септември, следеа други на територијата на Алијансата, помалку драматични во размер но подеднакво злонамерни по природа. Овие инциденти, како и оние на други места им ја потврдија на лидерите на НАТО важноста на неколку реализации кои долго еволуираа.







# “ придонесува за развојот на сеопфатни политички, економски и воени решенија ”

Најпрво, заканите по трансатлантската заедница во 21 век сè повеќе ќе се асиметрични по природа и ќе бидат спонзорирани од суб-државни групи, а не од самостојни армии на нации-држави. За да им се спротивстават, сојузничките војски мораат да се оспособат полесно да се распоредуваат, да бидат мобилни и ефикасни.

Второ, овие нови закани може да потекнуваат надвор од евроатлантската област. Од тие причини, НАТО мора да стане сојуз со глобални партнери што согледува дека со ризиците може да се соочи без разлика од каде потекнуваат.

Конечно, НАТО не може да се спротивстави на овие опасности сам. Трансатлантскиот сојуз придонесува за развојот на сеопфатни политички, економски и воени решенија преку заедничка соработка со невладините и меѓународните организации како што се Обединетите нации и Организацијата за безбедност и соработка во Европа. Само таков приод може да се справи со економските, политичките и идеолошките корени на конфликтот.

Имајќи ги предвид овие фактори, лидерите од НАТО се впуштија во ревидирање на активностите и работните процедури на Алијансата. Ова резултираше со серија иницијативи :

- креирање Сили за реакција на НАТО – технолошки напредни, флексибилни, интероперабилни и одржливи сили со копнени, поморски и воздухопловни елементи
- подобрување на капацитетите во области од клучна важност за современите воени операции како што се стратегиско префрлање и следење воздух-земја
- поедноставена и ефикасна воена командна структура
- усвојување на Сеопфатните политички насоки чија цел беше да обезбеди рамка за стратегиските приоритети на Алијансата за следните петнаесет години
- проширување на операциите во Авганистан за да се покрие целата земја како проширување на помошта преку обука на безбедносните сили и реконструкција
- помош за Владата на Ирак преку обука на нивните безбедносни сили како и поддршка на Африканската унија и иницирање на активности за борба против пиратството
- воспоставување институционализирани односи со земјите од Блискиот Исток преку Истанбулската иницијатива за соработка

Истовремено НАТО ја поттикнува евроатлантската интеграција преку покани за членство во Алијансата и преку своите партнерски програми, за да се зголемат бенефициите од безбедноста кај поголем број земји.




© Boeing

Авионот AWACS на НАТО овозможува следење од воздух на поголеми настани и кризни ситуации



© MOD Canada

# Главен фактор во услови на криза

2003
НАТО презема одговорност за ИСАФ во Авганистан

## Авганистан

Веднаш по нападите од 11 септември, САД ја отпочна Операцијата „Истрајна слобода", операција за борба против тероризмот во Авганистан, при што беше отфрлен репресивниот талибански режим. Меѓутоа, се појави загриженост дека авганистанските безбедносни сили нема да можат сами да ја стабилизираат земјата. Затоа, во декември 2001 година беше организирана Бонската конференција на која се побара Обединетите нации (ООН) да одобрат сили кои ќе помогнат во формирањето и обуката на безбедносните сили. Со Резолуцијата 1386 на Советот за безбедност на ООН од 20 декември 2001 година се овозможи создавањето на Меѓународните безбедносни сили за помош (ИСАФ) и нивното распоредување во Кабул и околината. ИСАФ и авганистанските Преодни власти – претходниците на авганистанската национална Влада – во јануари 2002 година договорија Воено-технички договор, во кој беше даден детален опис на задачите на ИСАФ.

На почетокот ИСАФ не беа ниту сили на НАТО ниту сили на ООН, туку коалиција на оние што покажаа волја да испратат трупи под надлежност на Советот за безбедност на ООН. Земјите-доброволци раководеа со ИСАФ ротирајќи се на шест месеци (почна Обединетото Кралство, па следеа Турција, Германија и Холандија).
Иако овие мисии постигнаа напредок, тие беа попречувани од недостаток на континуитет сè додека на крајот, во август 2003 година, Алијансата не ја презеде стратешката команда, контролата и координацијата со мисијата, овозможувајќи креирање постојан штаб на ИСАФ во Кабул.

## “ ИСАФ своите активности ги координира со националните власти ”

На почетокот мандатот на ИСАФ беше ограничен на главниот град Кабул и околината, но постепено се прошири и го покри цел Авганистан. Најпрво се прошири кон север, запад, а потоа кон југ и конечно на исток од земјата – најопасниот и најнестабилниот регион во Авганистан.

Водечката улога на ИСАФ е да и помогне на авганистанската Влада да воспостави власт во целата земја и да создаде безбедна средина. За да го стори тоа, ИСАФ помага во изградбата на авганистанските безбедносни сили преку обуки за војската и полицијата; ги идентификува потребите за реконструкција на цивилните објекти; ја поддржува владата во разоружувањето на нелегалните вооружени групи и учествува во борбата против дрогата; и ги поддржува активностите за хуманитарна помош.

Исто така, се обидува да ја зголеми интеракцијата меѓу цивилните и воените ентитети и да развие посистематски пристап во соработката на тоа поле. За да го илустрираме ова, некои од Покраинските тимовите за обнова – мали групи на цивилен и воен персонал под надлежност на ИСАФ – работат низ земјата на цивилни проекти како што се изградба на училишта и сиротилишта, поправка на патишта, раздолжување со оружјето, деминирање и сл.

ИСАФ своите активности ги координира со националните власти. Во текот на декември 2003 година, на пример, им помогна на авганистанските власти во обезбедувањето при свикувањето на Уставната сесија на Лоја Џирга, Големиот совет, кога беше усвоен авганистанскиот Устав. Во септември 2006 година НАТО и Авганистан ја објавија „Рамката за трајна соработка во партнерство“ која се концентрира на промовирање на реформата во одбраната, градење на институциите на одбраната и интероперабилност на авганистанската национална армија и членките на НАТО. Дополнително, високиот цивилен претставник од НАТО ги артикулира политичките и воените цели на Алијансата, работејќи директно со авганистанската влада и други меѓународни организации и одржувајќи контакти со соседните земји.



© Belgian MOD

НАТО десет години раководеше со мировна операција во Босна и Херцеговина

# Балканот

Во времето на распадот на поранешна Југославија, НАТО воено интервенираше за да стави крај и да ги спречи конфликтите во Босна и Херцеговина во 1995 година, во Косово во 1999 година и во Поранешната Југословенска Република Македонија (*) во 2001 година.

Во Босна и Херцеговина во август и септември 1995 година, НАТО-сојузниците спроведоа воздушни операции против босанските Срби. Акцијата помогна да се промени рамнотежата на моќта меѓу страните на терен и да се убеди раководството на босанските Срби да го прифатат мировниот договор што беше усогласен во Дејтон, Охајо. Мировниците на НАТО пристигнаа во Босна и Херцеговина во декември 1995 година како Сили за имплементација (ИФОР). По ИФОР следеа Силите за стабилизација (СФОР) кои десет години подоцна, во декември 2005 година, успешно си ја завршија работата. Мировничкиот мандат потоа и беше предаден на Европската унија.

# “ за да креира стабилна средина за иден развој на Косово ”

Воената интервенција на НАТО во Косово следеше по повеќе од една година од ескалацијата на насилство и репресија врз албанското население на Косово. Во март 1999 година, Алијансата одлучи да започне воздушни напади против воените и паравоените структури на југословенската влада која беше одговорна за репресијата. Одлуката беше донесена откако беа исцрпени сите други опции, а мировните преговори повторно не успеаја да ја надминат непопустливоста на Белград.

Воздушните напади траеја 78 дена и резултираа со стопирање на сите воени активности на страните во конфликтот, повлекување на Југословенската армија, српската полиција и паравоените сили од Косово, договор за стационирање меѓународни воени сили на Косово; договор за безусловно и безбедно враќање на бегалците и раселените лица и уверување во волјата на сите страни да работат на постигнување политички договор за Косово.

Мандатот на Силите за Косово (КФОР) под раководство на НАТО произлегува и од Воено-техничкиот договор потпишан од НАТО и од југословенските команданти и од Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН, а кои датираат од јуни 1999 година. КФОР имаше обврска да спречи обнова на непријателствата, да воспостави безбедна средина и да ја демилитаризира Косовската ослободителна армија. Дополнително КФОР ги поддржа меѓународните хуманитарни напори и соработува со меѓународното цивилно присуство, Мисијата на ООН за привремена управа на Косово (УНМИК), за да креира стабилна средина за иден развој на Косово.

По објавата на независноста на 17 февруари 2008 година, НАТО потврди дека КФОР ќе остане на Косово врз основа на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН, освен ако Советот за безбедност на ООН не одлучи поинаку. Оваа позиција беше повторена и од лидерите на НАТО на Самитот во Стразбур/Кел во април 2009 година. Тие исто така изјавија дека Алијансата останува целосно посветена на поддршката за воспоставување на договорените мулти-етнички безбедносни структури во Косово. Тие го поздравија ангажирањето на Мисијата на Европската унија за владеење на правото во Косово (ЕУЛЕКС) и напредокот што е постигнат до сега при имплементирањето на постојните обврски кон стандардите, особено кон оние што се однесуваат на владеење на правото, заштита на етничките малцинства и историските и религиозните места, како и во полето на борбата против криминалот и корупцијата.

# “ За да се зајакне дополнително долгорочната стабилност во Западен Балкан, НАТО се обидува да ги интегрира земјите од регионот во евроатлантските структури ”

Во август 2001 година, претседателот на Поранешната Југословенска Република Македонија (*) побара поддршка од НАТО за разоружување на групите на етничките Албанци кои потенцијално можеа да ја дестабилизираат земјата. НАТО се согласи под услов Владата повторно да воведе некои малцински права. Претставниците на заедницата на етничките Албанци во земјата и властите постигнаа политички договор со посредништво на специјалните претставници од различни меѓународни организации, вклучително НАТО и САД. Со ова се отвори пат за НАТО да распореди околу 3.500 војници за мисија од 30 дена за разоружување на етничките Албанци на доброволна основа.

На барање на Скопје, трупи на НАТО престојуваа во земјата за да обезбедат заштита за набљудувачите од Европската унија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа до крајот на март 2003 година кога мисијата беше преземена од Европската унија. Овие иницијативи помогнаа во спречувањето граѓански судир и подготовка на теренот за помирување и обнова на земјата.

КФОР сега е единствената сојузничка сила од поголеми размери распоредена на Балканот, иако НАТО и натаму има свои седишта во Сараево и Скопје за да им помогне на домашните власти околу реформите во одбраната.

За да се зајакне дополнително долгорочната стабилност во Западен Балкан, НАТО се обидува да ги интегрира земјите од регионот во евроатлантските структури. Албанија и Хрватска станаа членки на НАТО на 1 април 2009 година; Поранешната Југословенска Република Македонија (*) е кандидат за членство во НАТО; а Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија станаа партнери на НАТО на 14 декември 2006 година.











# Медитеранската област

Лансирана по нападите на 11 септември, Операцијата„Активен напор“ претставува поморска операција за надзор под водство на поморските сили на НАТО за откривање, одвраќање и заштита од терористички активности во Средоземното Море. Бродови на НАТО беа распоредени во источниот дел од Средоземното Море и започнаа со патролирање во областа уште на 6 октомври 2001 година. Со оглед на нејзината успешност, беше проширена и на Гибралтарскиот теснец на почетокот на 2003 година и последователно една година подоцна, во март 2004 година на целото Средоземно Море.

Иако операцијата е ограничена на активности поврзани со спречување тероризам, таа има корисни ефекти за севкупната безбедност за трговија и економски активности во медитеранската област.

# Заливот Аден

Пиратството кое е во пораст во Заливот Аден и на Рогот на Африка се заканува да ги загрози хуманитарните напори во Африка и на поопшто ниво да ги прекине виталните поморски линии за комуникација и економски активности во областа.

НАТО активно помага во зајакнување на безбедноста со спроведување на анти-пиратски операции во областа: Операција сојузен провајдер (2008) и Операција сојузен заштитник (2009). Се размислува за можна долгорочна улога на НАТО во борбата против пиратството која би била во целосна усогласеност со релевантните Резолуции на Советот за безбедност на ООН и со активностите што ги преземаат другите актери во борбата против пиратството, вклучително и Европската унија.



# Помош за Ирак

НАТО има витален стратегиски интерес за стабилен Ирак и ја поддржува Ирачката влада преку Мисијата на НАТО за обука за Ирак (NTM-I) од 2004 година. НАТО и Ирак исто така се согласија да продолжат со својата долгорочна соработка, а ова го формализираа со одобрување на предлозите за Рамката за структурна соработка.

НАТО и помага на земјата самата да може да ја зајакне безбедноста преку обука на ирачкиот воен персонал како во земјата така и надвор од Ирак; го поддржува развојот на безбедносните институции во земјата; ја координира доставата на опрема донирана од поединечни земји-членки на НАТО; и воопшто, обезбедува поддршка за реформите во одбраната во Ирак.

Соработката со Ирак се одвива во согласност со Резолуцијата 1546 на Советот за безбедност на ООН со која се бара поддршка од меѓународните и регионалните организации за да помогнат во исполнувањето на потребите на ирачкиот народ за безбедност и стабилност и врз основа на барањата што следеа од Владата на Ирак.



© EU

Бегалци
од Дарфур

# Поддршка за Африканската унија

Првата мисија на НАТО на африканскиот континент беше за поддршка на Мисијата на африканската унија во Судан (АМИС).

Населението од покраината Дарфур во Судан е жртва на брутална граѓанска војна уште од 2003 година. Конфликтот предизвика хуманитарна криза што доведе до убивање на десетици илјади и раселување на милиони луѓе. На барање на Африканската унија (АУ), НАТО обезбедуваше поддршка на Мисијата на АМИС во Судан од јули 2005 година до завршувањето на мисијата на 31 декември 2007 година. Кога оваа мисија стана хибридна мисија на ООН и АУ во јануари 2008 година, НАТО ја изрази својата подготвеност да разгледа секаков вид други барања за поддршка.

Во јуни 2007 година НАТО се согласи со барањето на Африканската унија да обезбеди стратегиска поддршка со воздушно префрлање на нејзините трупи кои беа распоредени за мисијата во Сомалија (АМИСОМ). Земјата нема ефективна влада уште од 1991 година и со години страда од борбите меѓу спротивставените воени диктатори, како и од глад и болести.

НАТО воедно обезбедува поддршка за градење долгорочни капацитети на АУ за чување на мирот, особено на Африканските сили за помош, исто така на барање на АУ.

За да се обезбеди максимална синергија и ефективност, помошта на НАТО е усогласена и координирана со други меѓународни организации – пред сè со Обединетите нации и Европската унија – како и со билатерални партнери.



# Пошироките активности на НАТО

Медиумското покривање на НАТО неизбежно се фокусира на дипломатија на високо ниво, самити и воени кампањи на Алијансата. Меѓутоа, поголемиот дел од работата на Алијансата се случува далеку од сјајот на публицитетот. НАТО секојдневно е инволвирана во цел спектар проекти кои помагаат да се подобри безбедносната средина во Европа. Тие вклучуваат помагање на реформите во источноевропските земји, градење програми за преквалификација на воените офицери за цивилен живот и помош во деминирање и отстранување на непотребните залихи на воена опрема.

Дополнително, НАТО е активна во коодинирањето на хуманитарната помош. Во 1999 година отвори Евроатлантски центар за координација на помошта при непогоди (EADRCC) преку кој ја контролира хуманитарната помош и помошта генерално, а која доаѓа од земјите-членки на НАТО и земјите-партнери во случај на природни непогоди или несреќи предизвикани од човекот. На пример, НАТО обезбеди помош за жртвите од поплавите предизвикани од ураганот Катрина во САД во септември 2005 година. Еден месец подоцна разурнувачки земјотрес во Пакистан уби 73.000 луѓе и остави четири милиони луѓе без покрив над главата. Северноатлантскиот совет се согласи да даде помош преку Евроатлантскиот центар за координација на помошта при непогоди. Во бројни прилики овој центар ги мобилизираше ресурсите за да им помогне на земјите во евроатлантската област, кои беа погодени од поплави, шумски пожари или земјотреси.

НАТО има научна програма која спонзорира практична соработка за прашања поврзани со безбедноста на полето на цивилните науки, животната средина и технологијата. Програмата на НАТО, Науката за мир и безбедност (SPS) се обидува да развие препораки и опипливи решенија за повеќе различни проблеми, притоа со цел да одговори на специфичните потреби на учесниците. Научниците од земјите-членки на НАТО, земјите-партнери и земјите од Медитеранскиот дијалог учествуваат во овие активности, со што ефективно се придонесува кон севкупната безбедност преку овозможување соработка, вмрежување и градење на капацитетите.

> “ поголемиот дел од работата на Алијансата се одвива далеку од сјајот на публицитетот ”







# Ширење на партнерства

## Партнери на НАТО

### “ воспоставување институции за дијалог, градење на довербата и соработка ”

По крајот на Студената војна, НАТО презеде серија иницијативи за зајакнување на безбедноста и стабилноста преку воспоставување институции за дијалог, градење на довербата и соработка. Алијансата изгради односи со поранешните непријатели како и со други европски земји, соседни земји во поширокиот Медитерански регион и со земјите од Блискиот Исток.

Првиот чекор во оваа насока беше воспоставувањето на Северноатлантскиот совет за соработка во 1991 година. Откако беше преименуван во Евроатлантски партнерски совет, тој стана главниот форум за консултации и соработка меѓу НАТО и земјите од евроатлантската област коишто не се членки на НАТО.

Во 1994 година НАТО ја лансираше иницијативата позната како Партнерство за мир (ПзМ). Оваа програма е дизајнирана да им помогне на земјите-учеснички во реструктуирањето на своите оружени сили за да можат да играат соодветна улога во едно демократско општество и да учествуваат во операции за поддршка на мирот под раководство на НАТО. Тоа нуди можности за практична соработка во повеќе различни области, овозможувајќи им на земјите-партнери да го прилагодат своето учество според своите специфични безбедносни потреби или интереси. Ширината и опсегот на активностите се огромни и покриваат области како што се реформи во одбраната, управување со кризи, планирање вонредни цивилни состојби, соработка во полето на науката, образованието и обуката, и безбедно уништување муниција и мало и лесно оружје.

# Односите со Русија и Украина

## “ Русија и Украина беа меѓу многуте земји коишто започнаа партнерски активности со НАТО уште од самиот почеток ”

Русија и Украина беа меѓу многуте земји коишто започнаа партнерски активности со НАТО уште од самиот почеток. Во 1997 година соработката беше поставена на една поформална основа со потпишување билатерални договори меѓу секоја од овие земји и НАТО. Постојаниот здружен совет на НАТО и Русија и Комисијата на НАТО и Украина беа формирани како средства кои ќе овозможат редовни консултации и дискусија за безбедносните прашања и ќе овозможат развој на практична соработка во широк спектар области.

Оттогаш, по терористичките напади на 11 септември кои ја нагласија потребата од концентрирана меѓународна акција за справување со новите безбедносни закани, сојузниците и Русија формираа подлабок и поблизок однос. Во 2002 година беше основан Советот на НАТО и Русија (NRC) кој го замени Постојниот здружен совет на НАТО и Русија. Со него претседава генералниот секретар, а во него сите земји-членки на NRC учествуваат како еднакви и одлуките се носат со консензус. NRC ги идентификуваше борбата против тероризмот, управувањето со кризи и непролиферација на оружје за масовно уништување како клучни области на соработка.

Односите меѓу НАТО и Украина постепено се развиваа со текот на годините. Важен аспект е поддршката што ја даваат НАТО и сојузниците поединечно за тековните реформи на Украина, посебно во секторот на одбраната и безбедноста. Овие реформи се од витална важност за демократскиот развој на земјата и за реализацијата на нејзината цел, а тоа е поголема интеграција во евроатлантските структури. Во 2005 година беше иницирани Интензивиран дијалог со Украина за нејзините аспирации за членство или реформите поврзани со тоа. Во 2008 година земјите-членки на НАТО се согласија дека земјата ќе стане членка на НАТО.



Соработка со земјите од Медитеранскиот дијалог за време на вежбите на НАТО

# Медитеранскиот дијалог

## “ да создаде добри односи и да го подобри заемното разбирање со земјите од Медитеранот ”

Иницијативата Партнерство за мир во 1995 година беше дополнета со воспоставување на Медитеранскиот дијалог со шест земји – Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и Тунис – во поширокиот Медитерански регион. Програмата, на која и се приклучи и Алжир во 2000 година, има за цел да создаде добри односи и да го подобри заемното разбирање со земјите од Медитеранот, како и промовирање регионална безбедност и стабилност. Во 2004 година Дијалогот беше подигнат на ниво на вистинско партнерство за промовирање поголема практична соработка преку помош околу реформите во одбраната, соработката на полето на граничната безбедност, мерките за подобрување на интероперабилноста и слично. Унапреденото партнерство исто така беше фокусирано на борбата против тероризмот. Некои земји од Дијалогот придонесоа со трупи во рамките на операции за поддршка на мирот на Балканот и учествуваат во Операцијата „Активен напор“.

# Истанбулската иницијатива за соработка

## “ Иницијативата има за цел да промовира практична билатерална соработка со заинтересираните земји во регионот ”

Лансирањето на Истанбулската иницијатива за соработка (ИИС) во 2004 година ја покажа волјата на Алијансата да им пружи рака на земјите од Блискиот Исток кои не се вклучени во Медитеранскиот дијалог. Иницијативата има за цел да промовира практична билатерална соработка со заинтересираните земји во регионот во области како што се борбата против тероризмот, управувањето со кризи, планирањето на цивилни вонредни состојби и гранична контрола. Во моментов се приклучија Бахреин, Катар, Кувајт и Обединетите Арапски Емирати.





Низа таканаречени контакт-земји, како што е Нов Зеланд, се дел од ИСАФ

# Работа со глобални партнери и други меѓународни организации

Со оглед на фактот дека безбедносните закани стануваат сè понепредвидливи по природа, опсег и потекло, НАТО го прошири опсегот на своите партнерства. Исто така, побара од глобалните партнери да помогнат во справувањето со глобалните закани кои се појавија на почетокот на овој век. Таканаречените „контакт-земји“, кои не се ниту членки, ниту партнери на Алијансата, ги вклучуваат земјите како што се Јапонија, Нов Зеланд, Австралија и Јужна Кореја.

НАТО исто така воспоставува односи и со други меѓународни организации коишто имаат комплементарна улога во промовирање на мирот и безбедноста. Во контекст на операциите за управување со кризи, НАТО соработува со организации кои имаат алатки кои ќе обезбедат одржлив мир преку политички, економски и социјален развој. Тука влегуваат Обединетите нации, Европската унија, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, како и други институции како што се ЕВРОКОНТРОЛ и Меѓународниот комитет на Црвениот крст.

“ комплементарна улога во промовирање на мирот и безбедноста ”

Токму овие институционални врски, трансатлантскиот однос меѓу европските членки на НАТО и САД ги прават односите на Алијансата со Европската унија дистинктивни. Како секој конструктивен однос, се разви во одговор на надворешните прилики кои се менуваат. Без да се навраќаме на историјата на трансатлантските односи од крајот на Втората светска војна, важно е да се нагласи дека европските членки на НАТО во голема мера зависеа од САД во повоениот период, како во однос на безбедноста така и во однос на економскиот пораст. Во годините на интервенирање, Европа зајакна и се обедини. Европската унија започна да развива заедничка надворешна и безбедносна политика на почетокот на деведесеттите години од минатиот век, Европската унија одлучи да го развие својот капацитет да презема задачи на управување со кризи и презеде чекори за креирање на потребните политички и воени структури. Со ова се поплочи патот за Европската унија да преземе две од мисиите на НАТО на Балканот, неколку години подоцна.

Овој процес беше олеснат од договорите „Берлин плус“ коишто и овозможуваат на Европската унија да има пристап до средствата и капацитетите на НАТО за операции под водство на ЕУ кога НАТО во целост не е вклучена. Тоа е сега темелот за соработка меѓу Европската унија и НАТО и тоа доведе до предавање на мисиите на НАТО во Поранешната Југословенска Република Македонија (*) на крајот од месец март 2003 година и во Босна и Херцеговина во декември 2004 година.







# Примена на политиката на отворена врата

## Тековен процес

Во релативно почетната фаза, земјите-основачи на Алијансата – Белгија, Канада, Данска, Франција, Исланд, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Португалија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави – го прошириja членството и ги вклучија во организацијата Грција и Турција (1952) и Германија (1955). Неколку децении подоцна, во 1982 година се приклучи и Шпанија.

Следниот круг на проширување се случи по крајот на Студената војна, кога редица земји од Централна Европа одлучија дека нивните безбедносни интереси можат да бидат остварени на најдобар начин преку приклучување во НАТО и ја изразија својата намера да бараат членство. Три поранешни земји-партнери – Чешка, Унгарија и Полска – станаа членки во март 1999 година, со што бројот на земјите-членки порасна на 19. На крајот од март 2004 година, кога се случи најголемиот бран на проширување, уште седум земји – Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија – и се придружија на Алијансата. Неодамна, во април 2009, Албанија и Хрватска станаа членки. Поранешната Југословенска Република Македонија (*) исто така ќе биде поканета да пристапи кон Алијансата веднаш штом ќе се реши прашањето околу името на земјата.

Вратата на НАТО и натаму останува отворена. Интензивираните дијалози со Грузија и Украина се во тек во врска со аспирациите за членство и релевантните реформи. Во 2008 година сојузничките лидери се согласија дека двете земји ќе станат членки на НАТО.








# Акциски план за членство

Седумте членки кои се приклучија кон НАТО во 2004 година и оние коишто следеа потоа, имаа корист од Акцискиот план за членство којшто беше воспоставен во 1999 година за да им помогне на заинтересираните земји-партнери да се подготват за членство. Планот им нуди на членките-аспиранти да исполнат одредени клучни барања, вклучително и функционален демократски политички систем заснован на пазарна економија; правичен третман на малцинското население; заложба за мирно решавање спорови со соседите; способност и волја да се даде воен придонес на Алијансата; и заложба за демократска контрола на своите вооружени сили. Учеството во планот не нуди никаква гаранција за идно членство, но им помага на земјите да ги прилагодат своите оружени сили и да се подготват за обврските и задолженијата кои ги носи членството во Алијансата.

НАТО не работи на регрутирање нови членки, но сојузниците се решени да ги разгледуваат барањата за членство од демократските земји коишто ги делат сојузничките вредности и можат да придонесат кон фундаменталните цели на Алијансата. Владите од НАТО јасно дадоа до знаење дека проширувањето на Алијансата не е цел сама по себе, туку средство за ширење на безбедноста од НАТО подалеку, а Европа како целина да стане постабилна. Процесот на проширување помага во спречувањето на конфликти бидејќи самата перспектива за членство служи како поттик за земјите-аспиранти да ги решат споровите со своите соседи и да ги забрзаат реформите и демократизацијата. Исто така, новите членки не треба да уживаат само во бенефициите од членството, туку исто така треба да можат да придонесат кон севкупната безбедност на сите земјите-членки; со други зборови, тие треба подеднакво да се генератори на безбедност како што се и корисници.

“ генератори на безбедност како што се и корисници ”



# Нови капацитети за нови закани

> “ лидерите од НАТО ги претставија главните реформи кои требаше драматично да ги преобликуваат воените капацитети на НАТО ”

Безбедносните предизвици со кои се соочуваат нашите општества денес бараат сили кои се главно опремени и структуирани да се фатат во бескомпромисна борба со закани како што се тероризмот, ширењето на оружје за масовно уништување и нестабилност што доаѓа од пропаднати држави или држави кои пропаѓаат.

На почетокот на деведесеттите години од минатиот век НАТО веќе започна со ревидирањето на своите воени капацитети со цел да се оддалечи од статичките формации од Студената војна и да се придвижи повеќе кон помобилни сили потребни за операции за управување со кризи. Настаните од 11 септември го забрзаа овој процес. На Самитот во Прага што се одржа во 2002 година, лидерите од НАТО ги претставија главните реформи кои требаше драматично да ги преобликуваат воените капацитети на НАТО. Тие ги идентификуваа специфичните области за подобрување, ги создадоа НАТО Силите за реакција и ја средија воената командна структура, за да можат подобро да одговорат на различните безбедносни закани, како во рамките така и пошироко од евроатлантската област.



# Модернизирање на воените капацитети

Во Прага беа идентификувани осум специфични полиња како области каде итно требаше да се поработи на недостатоците. Тие вклучуваа области како што се стратегиско воздушно и поморско префрлање; одбрана од хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје; и воздух-земја набљудување. Сојузниците се заложија да ги обезбедат овие капацитети кои се основни за да и се овозможи на Алијансата да одговори на новите закани. По Самитот во Прага, НАТО проучи други области кои требаа да бидат модернизирани, особено на полето на одбраната од тероризам.

# НАТО Силите за реакција

Целта на НАТО Силите за реакција (NRF) е подготвеност за брза реакција на различни видови кризни ситуации низ целиот свет, а кои ќе делуваат како претходница, и кои подоцна можат да бидат зајакнати од дополнителни трупи. Врз основа на јадрото кое може да биде дополнето по потреба, станува збор за мултинационални сили составени од копнени, воздухопловни, поморски и специјални сили кои можат да започнат со распоредување во рок од дури пет дена и да се одржуваат во оперативна состојба 30 дена или подолго доколку дополнително се снабдат со потребните средства.

Елементи на овие Сили за реакција веќе беа распоредени во САД кога Ураганот Катрина го погоди Њу Орлеанс и неговата околина во септември 2005 година и во Пакистан по разурнувачкиот земјотрес што се случи на 8 октомври 2005 година.

Дополнително на својата спремност за распоредување и високата подготвеност, овие сили се ефективно првата ударна сила во напорите за трансформација на НАТО. Тие го обучуваат персоналот да функционира во крајно сложено опкружување, користејќи ги новите технологии во мултинационален контекст. Овој квалитет на обука е всушност искуството што се бара од секој од учесниците, формирајќи катализатор за промена во рамките на националните сили како и во рамките на мултинационалните формации.

# Рационализација на командната структура

Прилагодувајќи се на безбедносното опкружување по Студената војна, НАТО ја ревидираше својата воена командна структура за да поддржи помали, пофлексибилни и помобилни сили. Бројот на штабови беше радикално намален, а она што е уште побитно, улогата на лидер во напорите за трансформација во НАТО и беше доделена на стратешката команда базирана во САД, Сојузничката команда за трансформација (претходно Сојузничката команда за Атлантикот). Стратешката команда која се наоѓаше во Европа беше задолжена за сите операции на НАТО и сега е позната како Сојузничка команда за операции.

Средувањето на воената командна структура е тековен процес кој НАТО го ревидира редовно.

# Динамиката на Организацијата

## Одлучување со консензус

Еден од клучните фактори за трајноста на Алијансата е нејзиниот процес на одлучување заснован на консензус. Ова значи дека сите одлуки мора да бидат едногласни. Како резултат честопати се потребни подолги консултации и дискусии пред да се донесе важна одлука. Иако овој систем може да се чини бавен и тром за некој што ги следи работите од надвор, тој има две големи предности. Најпрво се почитува суверенитетот и независноста на секоја земја-членка. Второ, кога ќе се донесе одлука, таа е во целост поддржана од страна на сите земји и нивната заложба за нејзина имплементација.

Во некои прилики, постојат несогласувања како што беше случајот во пролетта 2003 година кога земјите имаа различни проценки за опасноста што доаѓаше од режимот на Садам Хусеин во Ирак. Иако различните национални ставови значат дека сојузниците не секогаш ќе се согласат да се преземат активности, НАТО треба да овозможи консултации и дискусии меѓу нив за да може да се оствари консензус секогаш кога тоа е можно.

# Водечките фактори

## “ Главното тело за одлучување во рамките на НАТО е Северноатлантскиот совет ”

Најважните фактори во НАТО се самите земји-членки кои, како такви, ја формираат Организацијата. Тие се претставени во секој комитет. За оваа цел, во рамките на седиштето на НАТО во Брисел, секоја земја има постојан претставник на ниво на амбасадор поддржан од национална делегација која се состои од дипломатски персонал и советници за одбрана, кои или лично присуствуваат на состаноците на комитетите или обезбедуваат учество на експерти од својата земја.

Главното тело за одлучување во рамките на НАТО е Северноатлантскиот совет којшто се свикува најмалку еднаш неделно на амбасадорско ниво. Исто така, има редовни состаноци на Советот на ниво на министри за надворешни работи, министри за одбрана и одвреме-навреме шефови на држави и влади. Северноатлантскиот совет, заедно со две тела поврзани со одбраната – Комитет за планирање на одбраната и Групата за нуклеарно планирање – се на челото на сложениот систем на комитети. Во рамките на овој систем, Воениот комитет е одговорен на овие три главни тела да им обезбеди воени совети, а на стратегиските команданти да им даде насоки во врска со воените прашања. Како таков има специјален статус како високо воено тело со овластувања во НАТО.

НАТО има генерален секретар кој се назначува приближно на четири години. Тој или таа е висок меѓународен државник од една од земјите-членки. Генералниот секретар претседава со состаноците на Северноатлантскиот совет и други важни тела на НАТО и помага во градењето консензус меѓу членките. Во управувањето со секојдневните активностите на Алијансата, тој е поддржан од меѓународен персонал на експерти и функционери од сите земји-членки на НАТО.

НАТО нема свои оружени сили. Повеќето сили што му се на располагање на НАТО и натаму се под целосна национална команда и контрола сè додека се доделени од страна на земјите-членки за вршење задачи почнувајќи од колективна одбрана до нови мисии како што се оние за одржување на мирот. Накратко, НАТО е форум кој ги обединува земјите што се подготвени да ги интегрираат своите сили и да се впуштат во мултинационални активности во текот на даден период. Политичките и воените структури овозможуваат планирање однапред, што е потребно да се овозможи националните сили да ги преземат овие задачи, како и организациските аранжмани потребни за нивна заедничка команда, контрола, обука и вежбовни активности.





# Кон иднината

Иако Алијансата на почетокот беше производ на Студената војна -откако исчезна поделбата на Европа - презеде нови и фундаментални задачи. Таа се отвори кон Источна Европа поздравувајќи ги новите членки и креираше мрежа од партнерства која се протега до Централна Азија. Исто така, се впушти во операции на управување со кризи за да се стави крај на насилството предизвикано од регионалните и етничките конфликти во Европа, и од неодамна и пошироко од евроатлантската област.

По Студената војна се покажа дека светот е пусложена средина од безбедносен аспект – тренд којшто се чини дека ќе продолжи и во 21 век. Стратегискиот концепт на Алијансата, договорен во 1999 година, предвиде многу од заканите и предизвиците на новото безбедносно опкружување.

По терористичките напади на 11 септември 2001 година, Алијансата ги пренасочи своите напори кон прилагодување на реалноста на асиметричните закани. Таа прифаќа поширок и поамбициозен пристап кон безбедноста преку натамошно продлабочување и проширување на своите партнерства, модернизирајќи ги своите сили и обезбедувајќи помош во кризните области кои и се нови на Организацијата. Како резиме, НАТО ја забрзува својата трансформација за да развие нови политички односи и посилни оперативни капацитети за да одговори на сè поглобализираниот свет, со сè поголеми предизвици, а во корист на одбраната, мирот и безбедноста на земјите-членки.

ЗДРУЖЕНО ЗА БЕЗБЕДНОСТ

06/2009 - MAC

NATO Public Diplomacy Division
1110 Brussels - Belgium
Website: www.nato.int
Email: distribution@hq.nato.int

NATO Public Diplomacy Division
1110 Brussels - Belgium
Website: www.nato.int
Email: distribution@hq.nato.int

NATO
OTAN